Асоцијација Иницијатива за социјална промена – ИнСоК, Скопје, и Македонскиот центар за меѓународна соработка – МЦМС во рамките на проектот Пристап на Ромите до фондови, објавуваат **повик за доделување на мали грантови на ромски граѓански организации** .

Целта на конкурсот е да се обезбеди подршка на ромски граѓански организации кои работат на зајакнување на соработката со институциите на локално и национално ниво преку **застапување и лобирање**, за поадекватен одговор на потребите и проблемите на ромската заедница во Република Македонија. Повикот ќе подржи проекти кои:

1. Ќе демонстрираат иновативни модели на партнерство со јавните институции и приватниот сектор, особено во областите на вработување и претприемништво со насока да бидат мултиплицирани или интегрирани во јавните политики;
2. Ќе бидат во насока на мобилизирање на средства за техничка помош и подршка за зголемување на способностите на локалните даватели на услуги за полесен пристап и искористување на ЕУ фондовите;
3. Се однесуваат на надминување на бариерите кои го отежнуваат пристапот до ЕУ фондови, особено делот со финансискте капацитети на ромските граѓански организации.

Важноста од застапување и лобирање за ромската заедница оди во прилог на остварување на целите и приоритети предвидени со Стратегијата на Ромите и придонесува за развој и унапредување на можностите кои што им стојат на располагање на граѓаните.

Малите грантови се во висина **од минимум 3.000 УСД до максимум 5.000 УСД**, а вкупниот фонд на проектот Пристап на Ромите до фондови за оваа намена **изнесува 25.000 УСД**. Временската рамка за реализација на проектите треба да биде **од 3 (три) до максимум 5 (пет) месеци**.

**Рокот за доставување е понеделник, 30 Мај, 2016 година до 15:00 часот- на следнава e-mail адреса: insoc@insoc.org.mk** .

Формуларите за пријавување , како и повеќе информации за конкурсот се достапни на веб-страната на Проектот пристап на Ромите до фондови
www.prf.org.mk
и
www.insoc.org.mk

Проектот е финансиски подржан од програмата на Институт отворено општество Будимпешта „Да се направи максимум со ЕУ фондовите за Ромите“.

**Контакт инфо:**

Асоцијација иницијатива за социјална промена, ИнСоК – Скопје
E-mail: insoc@insoc.org.mk
т. +389 (0) 2 61 42 690